**ОГЛАСИ ЗА АНГАЖИРАЊЕ НЕКЛУЧНИ ЕКСПЕРТИ**

**Проект финансиран од ЕУ „Техничка помош за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации
во Република Северна Македонија“
Број за идентификација: EuropeAid/140131/DH/SER/MK**

Проектот финансиран од ЕУ „Техничка помош за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија” бара искусни експерти за конкретни задачи за поддршка на спроведувањето на проектот. Целта на проектот е да ја поддржи Владата во унапредувањето на овозможувачката средина за граѓанското општество, а во исто време да обезбеди поддршка на малите и основните („грасрут“) организации во градењето на капацитетите и развојот на нивната одржлива оперативна способност.

Проектот го спроведува конзорциум предводен од Corporate & Public Management Consulting International (CPM) преку две компоненти: Компонента 1) Поддршка на спроведувањето на главните цели од Стратегијата на Владата за соработка со граѓанското општество (2018-2020) – Приоритет I, и Компонента 2) реализација на директна непарична поддршка преку Механизмот за граѓанска отпорност (МГО) прилагодена на потребите на граѓанското општество во Република Северна Македонија. Програмата МГО обезбедува флексибилна, транспарентна и пристапна директна поддршка на работата заснована врз права и за јавно добро што ја вршат граѓанските организации.

## ПРОФИЛИ НА ЕКСПЕРТИТЕ И КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

### 1) ВИШ НЕКЛУЧЕН ЕКСПЕРТ ЗА РЕФОРМА НА СИСТЕМОТ НА ДРЖАВНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ГО

**Инпут:** до 20 работни дена помеѓу април и септември 2023 **(една позиција)**

**Квалификации и вештини**

- Универзитетска диплома од финансии, економија, јавна администрација или која било област релевантна на позицијата
- Добри компјутерски вештини (владеење на Microsoft Office)
- Јазик: одлично познавање на писмен и говорен англиски јазик, познавање на локални јазици ќе се смета за предност
- Извонредно владеење на комуникациски и меѓучовечки вештини;
- Одлични вештини за пишување и аналитички вештини.

**Општо професионално искуство**

- Најмалку 7 години општо професионално искуство во области релевантни на позицијата

**Конкретно професионално искуство**

- Најмалку 5 години на професионално искуство од областа на јавни финансии
- Докажано искуство во спецификите на финансиска одржливост на ГО
- Способност за анализирање на комплексни информации од различни извори и да синтетизира и формулира заклучоци

**Задолженија:** Да обезбеди поддршка на проектниот тим на ТП преку спроведување на длабинска анализа на државното финансирање на ГО, вкрстување на податоци добиени од податоците од Министерството за финансии, Одделението за соработка со ГО на Генералниот секретаријат и други достапни податоци на ГО, да продуцира материјали од наодите со кој ќе ја информира пошироката јавност, како и да спроведува анализа за утврдување на потребите за градење на капацитетите на органите на државната управа одговорни за соработка со ГО.

### 2) ВИШ НЕКЛУЧЕН ЕКСПЕРТ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГО ВО ПРОЦЕСОТ НА КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИ

**Инпут:** до 25 работни дена помеѓу април и септември 2023 **(една позиција)**

**Квалификации и вештини**

- Универзитетска диплома по право, политички науки, општествени науки, економија, јавна администрација или која било област што е релевантна за задачата;

- Добри компјутерски вештини (познавање на Microsoft Office);
- Јазик: одлично познавање на пишан и говорен англиски, познавање на локалните јазици ќе се смета за предност;
- Извонредни комуникациски и меѓучовечки вештини;
- Одлични вештини за пишување и аналитички вештини.

**Општо професионално искуство**
- Најмалку седум(7) години работно искуство во области како што се граѓанското општество и/или човековите права и/или демократијата, доброто управување и владеењето на правото.

**Конкретно професионално искуство**
- Најмалку пет (5) години професионално искуство во полето на ЕУ интеграциите, јавната администрација, владеење и граѓанското општество;
- Докажано професионално искуство со институционална рамка за соработка на граѓанското општество;
- Способност да анализира сложени информации од различни извори и да синтетизира и формулира заклучоци;

**Задолженија:** Да обезбеди поддршка на проектниот тим на ТП преку подготовка на преглед на состојбата во врска со вклучувањето на ГО во креирањето политики на централно и локално ниво; дискусија со клучните засегнати страни за наодите преку интервјуа, фокус групи и состаноци и подготовка на аналитички извештај со препораки за унапредување на правната рамка за учество на ГО во креирањето политики и одлуки на централно и локално ниво.

3) **ВИШ НЕКЛУЧЕН ЕКСПЕРТ –ВОДЕЧКИ ЕКСПЕРТ ВО СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕХАНИЗМОТ ЗА ГРАЃАНСКА ОТПОРНОСТ (МГО)**

**Инпут:** до 60 работни дена помеѓу април и септември 2023 **(една позиција)**

**Квалификации и вештини**
- Универзитетска диплома по право, јавна администрација, политички науки, општествени науки, економија или која било област што е релевантна за задачата;
- Добри компјутерски вештини (владеење на Microsoft Office) ;
- Јазици: одлично познавање на пишан и говорен англиски јазик;
- Извонредни комуникациски и меѓучовечки вештини;
- Одлични вештини за пишување и аналитички вештини;

**Општо професионално искуство**
- Најмалку седум (7) години работно искуство во области како што се граѓанското општество и/или човековите права и/или демократијата, доброто управување и/или владеењето на правото

**Конкретно професионално искуство**
- Најмалку пет (5) години професионално искуство во управување, следење и евалуација на програми / проекти финансирани од ЕУ; вклучително и финансиско управување; развој на оперативните процедури за управување и следење на проектното ниво; известување;
- Искуство со најмалку три (3) проекти поврзани со следење на активности спроведени од граѓански организации, локални власти, младински групи
- Докажано искуство со пристап заснован на права (ПЗП);
- Докажано искуство со локални општини, граѓански организации, локални совети, бизнис, медиуми, донаторската заедница ќе се смета за предност

**Задолженија:** Да обезбеди поддршка на проектниот тим на ТП во мониторирање и координирањето на спроведувањето на програмата за не-парична поддршка на МГО и да обезбеди редовни извештаи за статусот на спроведувањето на активностите за МГО. Експертот, исто така, ќе спроведе длабинска анализа врз основа на собраните научени лекции од спроведувањето на програмата за не-паричната поддршка на МГО.

4) **ПОМЛАД НЕКЛУЧЕН ЕКСПЕРТ ЗА ПРОЦЕДУРИ ЗА УСОГЛАСЕНОСТ – НА МЕХАНИЗМОТ ЗА ГРАЃАНСКА ОТПОРНОСТ (МГО)**

**Инпут:** до 40 работни дена помеѓу април и септември 2023 **(една позиција)**

**Квалификации и вештини**
- Универзитетска диплома од економија, финансии или релевантно поле од било која област релевантна на позицијата; Во отсуство на универзитетска диплома, потребно е еквивалентно професионално искуство од најмалку 3 години како дополнување на општото професионално искуство од 3 години.
- Солидно познавање на финансиските и буџетските регулативи на ЕУ
- Добра комуникација и компјутерски вештини (владеење на Microsoft Office, Word, Excel, Power point, итн.) и Интернет
- Јазик: одлично познавање на писмен и говорен англиски јазик, македонски и /или албански јазик.
- Одлични аналитички вештини, внимание на детали

**Општо професионално искуство**
- Најмалку 3 години работно искуство во спроведување на проекти и поврзано финансиско известување и/или книговодство.

**Конкретно професионално искуство**
- Најмалку три (3) години професионално работно искуство на проекти финансирани од ЕУ.
- Докажано искуство во проектните фази на имплементација со изготвување на извештаи.
- Искуство во ревизорски процедури на проекти финансирани од ЕУ ќе се смета за предност.

**Задолженија:** Експертот за усогласеност со процедурите на МГО ќе го поддржи проектниот тим за ТП, главно ТЛ/КЕ2 во секојдневните активности поврзани со имплементацијата и известувањето, во согласност со документите на МГО и временската рамка одобрена од CA/EUD. Покрај тоа, експертот за усогласеност со процедурите на МГО ќе обезбеди поддршка на лицата за контакт на МГО и корисниците на МГО за време на фазата на имплементација на одобрените активности и гарантира дека сите направени трошоци на проектот поврзани со МГО активностите се овластени и евидентирани во согласност со ЕУ и внатрешните насоки на проектот, вклучително и соодветен формат, содржина и проток на документи под надзор на ТЛ/КЕ2.

5) **ПОМЛАДИ НЕКЛУЧНИ ЕКСПЕРТИ – ЛИЦА ЗА КОНТАКТ НА МЕХАНИЗМОТ ЗА ГРАЃАНСКА ОТПОРНОСТ (МГО) - (ПОВТОРЕН ОГЛАС)**

**Инпут:** до 40 работни дена за секој експерт од април до септември 2023 година **(неколку позиции во различни региони на Северна Македонија)**

**Квалификации и вештини**
- Универзитетска диплома по право, јавна администрација, политички науки, општествени науки, економија или која било област што е релевантна за задачата;
- Добри компјутерски вештини (познавање на Microsoft Office);
- Јазик: одлично познавање на пишан и говорен англиски, македонски и/или албански јазик;
- Извонредни комуникациски и меѓучовечки вештини;
- Одлични вештини за пишување и аналитички вештини.

**Општо професионално искуство**
- Најмалку три(3) години работно искуство во области како што се граѓанското општество и/или човековите права и/или демократијата, доброто управување и владеењето на правото.

**Конкретно професионално искуство**
- Најмалку три (3) години професионално искуство со работа поврзана со развој на граѓанското општество, антидискриминација, човековите права и доброто управување, родовите прашања;
- Најмалку едно (1) проектно искуство поврзано со активности за следење спроведени од граѓанското општество, локалните власти, младинските групи, родовите прашања;
- Знаење и искуство со работа поврзана со малцинските прашања, родовите прашања, младите, животната средина, меѓуетнички односи итн;
- Докажано искуство со фазите на спроведување на проектот со изготвување извештаи;
- Докажано искуство со следење проекти, креирање матрица за следење, собирање податоци, теренска работа, анализа;
- Докажаното работно искуство со локалните општини, граѓанските организации, локалните совети, деловната, медиумската и донаторската заедница се смета за предност;

- Одлично планирање, организациски вештини, пишување записници од состаноци, известување;
- Искуството со управување со грантови се смета за предност.

**Задолженија:** Да обезбедува поддршка на проектниот тим за ТП, главно на ТЛ/КЕ2 и координаторот за МГО во секојдневните активности поврзани со промоцијата и спроведувањето/следењето на програмата МГО, да обезбедува корисничка поддршка на потенцијалните корисници на МГО низ целата земја, во процесот на барање поддршка, во фазата на спроведување на одобрените акции и да обезбедува соодветно следење на спроведувањето на акциите под водство на координаторот за МГО и под надзор на ТЛ/КЕ2.

**ПРИЈАВУВАЊЕ**

Заинтересираните кандидати што ги исполнуваат горенаведените критериуми треба да достават CV во ЕУ формат на англиски јазик на recruitment@cpmconsulting.eu и kepuska@cpmconsulting.eu до **11 април 2023 година во 16:00 ч. CET и да го наведат соодветниот профил во предметот.**

Само кандидатите од потесниот круг ќе бидат контактирани по е-пошта. Пријавите испратени по истекот на рокот нема да бидат земени предвид.